Изработил:
Одделение за општи и правни работи
м-р Даниела Такева
Контролирал
Раководител на Одделение за општи и правни работи и јавни дејности
Ивана Ивановска
Предлагач: Градоначалник Горан Трајковски

Донесува: Совет на Општина Делчево

**Декември 2024 година**

# ПРОГРАМА за спорт на Општина Делчево за 2025 година

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02 и„Сл. весник на РСМ“бр.84/20 и 202/24), член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 244/19,53/24, 74/24 и 170/24 ), член 15, став 1 точка 6 и член 22 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на 42-та Седница, одржана на 26.12.2024 година ја донесе следната:

# ПРОГРАМА
# за спорт на
# Општина Делчево за 2025 година

## I ВОВЕД

### 1. Појдовна основа на Програмата за спорт на Општина Делчево за 2025

Спортот претставува секоја форма на физичка активност преку повремени и/или организирани учества и цели кон изразување и подобрување на физичката подготвеност и менталната благосостојба, создава социјални врски или, пак, постигнува резултати во натпреварување на сите нивоа. Спортот придонесува за личен и социјален развој преку креативни активности, рекреативни ангажмани и градење здрави животни навики кај индивидуите, а особено оваа активност помага за физичка и ментална благосостојба кај младите луѓе. Тргнувајќи од овие постулати, Општина Делчево ја изготвува Програмата за спорт со цел да овозможи транспарентна поддршка и да даде свој придонес во развој на спортот во Делчево и промоција на вредностите од практикување на спортски активности како здрав начин на живот што има посебно влијание врз правилниот раст и развој на младата популација.

Општина Делчево ја има предвид и децентрализацијата во спортот која претставува сложен процес каде секој повикан субјект го понесува својот дел од товарот со цел на граѓаните од сите возрасни категории и социјални структури да им се овозможи и понуди вклученост како во спортот како дејност и го понесува својот дел од товарот со цел на граѓаните од сите возрасни категории и социјални структури да им се овозможи и понуди вклученост како во спортот како дејност, така и во рамките на спортско рекреативните активности, сè со цел да се подигне квалитетот на нивното живеење, како предуслов за достигнување на придобивките одразени низ параметри од кои произлегуваат атрибутите за постоење здрава нација.

Програмата за активности во областа на спортот во Општина  Делчево за 2025 година дава можност на локалните спортски клубови да предлагаат сопствени програмски активности преку јавен повик и да добијат финансиска поддршка од Буџетот на Општината. Изборот на програмските активности ќе го вршат Комсијата за спорт и согласно со процедурите предвидени

во Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани

Со Програмата се зајакнува улогата на училишните спортови и развој на здравите навики кај учениците преку поддршка на Федерацијата на училишни спортови. Дополнително, преку оваа Програма се обезбедуваат награди за ученици и ученички - талентирани спортисти и спортистки од основните и средното училиште во градот за постигнати особени резултати на државни или меѓународни спортски натпревари. Општината во рамки на Програмата дава еднаков пристап на сите, со правилна распределба на локалните клубови со машки и женски членови, но дополнително дава можност за вклучување и на лицата со попреченост кои ќе можат да бидат дел од активностите кои ги организира Општината, со единствена цел овозможување на еднаков пристап за сите граѓани. Исто така, се води сметка за унапредување на родовата рамноправност во спортот на локално ниво и цениме дека во блиска иднина Општина Делчево во своите програми, стратегии, како и преку низа други мерки треба да овозможи подеднакво вклучување на женските спортисти исто, како и на машките спортисти и да се создадат оптимални услови за спортување. Потребно е постојано да се следат и да се идентификуваат можностите за влијаење на политиките на локално ниво, подготвување препораки за надминување на родовата дискриминација во спортот и подобрување на домашната законска легислатива и стратешките документи.

Спортските натпревари и манифестации ги организираат и реализираат спортските клубови/здруженија и националните спортски федерации. Спортски манифестации можат да организираат и други правни лица што вршат дејност спорт, физички и правни лица, установи и претпријатија во областа на воспитанието и образованието, угостителството и туризмот, под услови утврдени со Законот за спорт.

Основи вредности и принципи врз кои се темели Програмата за активности во областа на спортот во Општина Делчево за 2025 г. се:

**Одговорност** - работење во согласност со законската регулатива, организирање на сите аспекти во насока на долгорочен развој и унапредување на спортот како и континуирано создавање услови за спортување.

**Развој** - континуирана поддршка на спортските клубови/здруженија за реализација на програмите и проектите и создавање на можности за омасовување на спортот и зголемување на бројот на спортисти кои се занимаваат со спортски активности на сите нивоа како и унапредување на инфраструктурните капацитети за подобрување на условите за тренинг.

**Транспарентност** - отворен пристап кон сите апликанти и учесници тангирани од програмата, транспарентно и одговорно управување со финасиските средства.

**Еднаков третман** - Општина Делчево во својата Програма почитува еднаков третман на сите чинители. Да се осигураат, во рамките на своите одговорности, дека жените и мажите, момчињата и девојчињата, како и лицата со посебни потреби имаат еднакви можности и достапност за спортување и рекреација до сите спортски објекти.

**Пристапност до објектите за спорт** - Општина Делчево на спортистите им овозможува користење на спортските сали за спортски тренинзи.

**Промоција** - спроведување кампања за промоција на спортот помеѓу младите луѓе како фактор за здрав и квалитетен живот. Активација на младите и зголемување на обемот на вклучување во спортски активности во нивното слободно време.

## 1.2 Оправданост / Законска основа

Програмата за активностите во областа на спортот во Општина Делчево за 2025г. е направена врз основа на основните одредби на:

- Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 244/19,53/24, 74/24 и 170/24)
- Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл. весник на РСМ“бр.84/20 и 202/24 ).

Во областа на спортот надлежностите на општините во смисла на овој Закон, се:

- развојот на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните, опфатен во програмите на спортските и спортско рекреативните клубови, во реализација на училишниот и студентскиот спортски систем, спортот за сите, а особено спортско-рекреативните активности на лица со посебни потреби;

- организирање на спортски приредби и манифестации, поддржување на систем на натпревари на општинско ниво, во одредени спортови и категории, поддржување на традиционалните спортски натпревари и манифестации, од национален и меѓународен карактер, поддржување на училишниот и студентскиот систем на натпревари, системот на манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби, како и масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните;

- одржувањето и изградбата на објекти за спорт, утврдување на мрежата на спортските објекти, нивно класифицирање, одржување, користење и опремување, планирање и изградба на современи спортски објекти и определување на рекреативни зони за масовно спортување;

- поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови и професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на општините;

- поддржување на општинските сојузи, како највисока форма на организирање, искажана во сублимирање на активностите и потребите на спортските клубови на подрачјето на општината, обезбедувајќи просторни, материјални и кадровски услови за нивно функционирање.

Спортот е дел и од Уставот каде во член 47 став 5 се вели „ Републиката ги поттикнува и помага техничката култура и спортот“, следствено на тоа спортот треба да биде непроменлив сегмент од развојот на секоја генерација.

➢ Законот за еднакви можности на жените („Сл. Весник“ бр. 201/15)

➢ Статут на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021)

- Правилникот за начинот, условите, кретириумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр. 1/18 и 7/21),
- Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани ( „Сл гласник на Општина Делчево“ бр.2/18)
- Правилник за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување еднократна парична помош („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.1/23)

## II ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

**Општа цел:**

Главни цели на програмата за активности во областа на спортот во Општина Делчево за 2025 г. е афирмирање на Општина Делчево како развиена спортска општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт, млади и спортско-рекреативните активности.

Општината преку организациската поставеност на активностите во областа на спортот ќе придонесе за зголемување на опфатот со спорт на млади, жени и на лицата со посебни потреби. Одговорност на општината е да се грижи за позитивно насочување на младите луѓе и на нивно образование кон градење позитивни навики во однос на нивното целовкупно општествено делување, а со тоа и превенција од денешните пороци.

Реализацијата на програмите и проектите во делот на развој на спортско-рекреативните активности, односно спорт за сите ќе придонесат поголема масовност и можност на граѓаните за учество и стекнување на основните спортски вештини, како што се: моториката, спортското здравје итн.

Преку организирањето на систем на натпревари и други спортски манифестации ќе се создаваат услови за настапи во земјата и во странство на наши истакнати спортисти и на млади спортски надежи како и развој и поддршка на програмите за спорт и рекреација на лицата со инвалидитет и лицата со интелектуална попреченост и пречки во развојот.

Општина Делчево преку поддршка на вакви спортски настани во иднина ќе придонесе за популаризација на спортот и достојно репрезентатирање на можностите и потенцијалите на општината.

**Специфични цели:**

Специфични цели на Програмата се:

1. Поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови/здруженија и индивидуални спортисти кои егзистираат на подрачјето на Општина Делчево.
2. Поддршка и развој на училишен спорт со реализирање на спортски активности и систем на натпревари на учениците.

3. Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и рекреативни активности на лица со посебни потреби
4. Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево.

## III АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Спортот во Делчево е традиција и предизвик за многу млади љубители на спорт во сите категории и многу генерации. Трагнувајќи до познатата соколска организација „Соколи“ во дваесеттите и триесеттите години од минатиот век и нивните успеси како добри атлетичари и гимнастичари, па преку првиот фудбалски клуб создаден во истиот период, па познатиот ракометен клуб во седумдесеттите и гимнастичарите од салата „Партизан“, спортот живеел и создавал спортисти кои биле за пример во локалната средина и пошироко на државно и меѓународно поле.

Денес во Делчево постојат активни спортски клубови од областа на кошарката, машка и женска, ракометот (м/ж), фудбалот, кик-бокс (м/ж), планинарски клуб, а успешно функционираат и училишните спортови во трите образовни институции.

Во однос на спортската инфраструктура, во Делчево има три училишни спортски сали, надворешни повеќенаменски игралишта на училиштата, има отворено тениско игралиште, отворен градски базен, градски фудбалски стадион што значи како спортска инфраструктура се исполнети основните услови за развој на сите видови спортови.

За рекреативен спорт, Општина Делчево располага со пешачки и велосипедски патеки со вкупна должина од 17 км, како и мапирани и маркирани планинарски патеки кои се усогласени согласно со Законот за планинарски патеки и Правилникот за планинарски патеки на ФПСМ, а се во должина од 49,5 км.

### 3.1 Рекреативни/велосипедски/ едукативни пешачки патеки

1. **Патеката на Петко** на планината Голак е кратка, но живописна пешачка патека со вкупна должина од 1 km.

   Тоа е едукативна патека, која има за цел да овозможи интерактивно учење за природата и биолошката разновидност во Брегалничкиот регион. Поставена е во највисоките делови на планината, на надморска височина од 1375 m до 1400 m, односно висинска разлика од само 25 метри. Главно поминува низ густа шума, со уникатен шумски биодиверзитет.
2. **Планинската велосипедска патека Голак** е со вкупна должина од 6800 m и е поставена во највисоките делови на планината. Започнува во непосредна близина на вила „Гранит“ од каде продолжува покрај спортските терени и се искачува покрај вила „Фротирка“. Од овде продолжува до манастирот Св.Пантелејмон, каде на еден мал дел поминува по асфалтен пат. Самиот манастир е на 1500 m надморска височина и од него се протега одличен панорамски видик во далечина.

3. **Патеката на билките на планината Голак** е едукативна патека која се наоѓа во највисоките делови на планината Голак, околу врвот Чавка (1536 m). Истата има за цел запознавање, зачувување и правилно искористување на природните вредностите на планината Голак. За таа цел се поставени поголем број информативни табли за шумските и растителни формации со посебен осврт на лековититебилки, со кои се карактеризира плaниaта Голак. Патеката е долга околу 7 km.
4. **Пешачка и велосипедска патека Илин Камен** во должина од 6 км која го поврзува Делчево преку с. Ѕвегор до локалитетот Илин Камен

**3.2 Планинарски патеки:**

5. **Мапирана, но не е маркирана планинарската патека до месноста КАЛАЏЕРЏЕВО** – местото од каде е организирано РАЗЛОВЕЧКОТО ВОСТАНИЕ во 1876 год.на планината ОБОЗНА над село РАЗЛОВЦИ. Патеката е долга 20 км., а започнува од село Разловци (Делчевско) 690 м.н.в. – Калаџерџево 1129 м.н.в. – Врв Јастреб 1276 ,.н.в. (воедно највисок врв на планината ОБОЗНА – село Разловци 690 м.н.в.
6. **Мапирана и маркирана планинарска патека од Делчево до Голак** во должина 12 км која е дел од Првата трансверзала во Брегалничкиот регион.
7. **Мапирана и маркирана планинарска патека Нов Истевник-локалитет Кукуље**- врв Бајаз Тепе-с. Разловци на планина Средна во должина од 13 км.
8. **Мапирана и маркирана планинарска патека с.Тработивиште-Свети води** во должина од 4.5 км.

**3.3 Табеларен приказ на спортски објекти и рекреативни патеки**

| **Вид спортски објект** | **Број** | **Состојба** |
|---|---|---|
| Градски фудбалски стадион | 1 | Функционира |
| Училишни спортски сали | 3 | Функционираат |
| Повеќенаменски спортски игралишта | 11 | Функционираат |
| Тениски игралишта | 1 | Функционира |
| Градски базен | 1 | Функционира |
| Велосипедска/пешачка патека Илин Камен | 2,15 км | Функционира |
| Патека на Петко | 1 км | |
| Планинска велосипедска патека Голак | 6,8 км | |
| Патека на билките на планината Голак | 7 км | |

| | | |
|---|---|---|
| мапирана планинарска патека КАЛАЏЕРЏЕВО | 20 км | |
| Мапирана и маркирана планинарска патека од Делчево до Голак | 12 км | |
| Мапирана и маркирана планинарска патека Нвв Иствник-локалитет Кукуље- врв Бајаз Тепе-с. Разловци | 13 км | |
| Мапирана и маркирана планинарска патека с.Тработивиште-Свети води | 4,5 км | |

**3.4 Активни спортски клубови во Делчево**

Активни се и функционираат следните спортски клубови:

- Во КК ПАТРИОТ 2016 од Делчево членуваат 80 членови од нив 60 девојчиња и 20 момчиња. Клубот се натпреварува во ПРВА А лига-жени, Младински лиги М14. М16 и М18 жени и Младинска лига М16 мажи

  Во натпреварувачката сезона 2023/2024 година КК Патриот 2016 има осноено:

  -Прво место во ПРВА Б лига-жени и пласман во ПРВА А лига за сезона 2024/2025 и

  -Второ место во Младинската лига за М18-жени на државно ниво

- РК „Делчево-Вардар“ членуваат 70 членови од нив 52 девојчиња, 18 момчиња. Клубот се натпреварува во Кадетската женска лига, а константно учествува во лигите на РФМ и е постојан учесник на завршните плеј оф средби 2024 година на Меѓународен турнир во Нови Сад, Р.Србија ракометарките освоија 1 место во кадетската лига.
- ФК „Брегалница сениори“ брои 142 членови и сите се припадници на машкиот пол. Клубот се натпреварува во детска лига –Источен регион, односно деца до 13 години. Во текот на 2024 година освоено е 2 место во Детска лига 2012 Источен регион.
- ФК „Брегалница 1926“ -брои 30 членови (м). се натпреварува во 3-та Македонска фудбалска лига Исток.
- Кик-боксинг клуб „Ас“-брои 58 членови од нив 12 се жени. Клубот учествува на државни, балкански и европски првенства организирани од KMFM/WAKO. Отварува значајни резултати, како: 1 место; 2x2 место на Европски куп „Србија опен2023“, 1x1 место во и 3x3 место на Балкански куп „Тешањ 2023“ и др.
- Риболовно спортско друштво „Брегалница“ брои 110 членови и сите се мажи.
- Планинарски спортски клуб „Голак“ брои 105 членови од нив 42 жени, а 63 мажи, додека младинската секција до 18 години брои 80 членови, од нив 50 се девојчиња, а 30 момчиња.
- Функционираат помали клубови за фитнес чија бројка на членови се движи околу 20 (ж).

На листата активни спортисти во спортски клубови, здруженија или правни лица од областа на спортот, вкупно членови се 695, од нив 236 се жени, додека 459 се мажи.

### 3.5 Училишни спортски клубови

Во трите образовни институции: ООУ „Св.Климент Охридски", ООУ „Ванчо Прке" и СОУ „М.М.Брицо" функционираат училишни спортски клубови. Тие во својата програма имаат цели за да го стимулираат развојот на секциите и спортските школи, носат иницијативи за одржување спортски натпревари, соработува со други училишни спортски клубови, се грижи за одржување на спортските објекти, го поттикнува развојот на спортот и спортското рекреирање во училиштето, врши пропаганда и го афирмира спортот во општината. Членовите на училишните спортски клубови се натпреваруваат во: футсал (ж/м), ракомет (ж/м),кошарка(ж/м), атлетика (ж/м), одбојка (ж), фудбал (м), забавен спорт и игри (ж/м). Средствата се обезбедуваат од Федерацијата, самофинансирање, поддршка од Општина Делчево и од спонзорства. Вкупно членови на училишните спортски клубови во Делчево се 288. Од нив 147 се девојчиња, а 141 се момчиња.

**Во ООУ „Св.Климент Охридски" УСК** работи по соодветна програма. Во УСК се опфатени 208 ученици од нив девојчиња се 102, а момчиња 106.

**Во ООУ „Ванчо Прке" функционира УСК „Шампиони**" и овој спортски клуб работи по програма и во него се опфатени 80 ученици. Од нив 45 се девојчиња, а 35 момчиња.

**Во СОУ „М.М.Брицо"-** УСК не е активен, но учениците/чките активно се натпреваруваат на општински, зонски, регионални, државни натпревари во организација на Федерацијата на училишни спортови во футсал, кошарка, ракомет. Активни учесници во спортските активности се ученици, од нив 10 се момчиња, а 34 девојчиња.

### 3.6 Финансиска поддршка од Општина Делчево

Финансиската поддршка на Општина Делчево на спортските клубови, спортските здруженија и правните лица во областа на спортот кои извршуваат јавен интерес во спортот во Општина Делчево е согласно со одредбите од член 22 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа, член 22-а од Законот за спортот и согласно со одредбите на Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот, како и на здруженија на граѓани. Средства се доделуваат согласно со Правилникот и во транспарентен процес преку јавен повик кој се објавува на почетокот на календарската година во месеците јануари/март.

Висината на средствата за финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот се одредува во Буџетот на Општината за секоја година посебно.

Од предвидените средства од став 1 на овој член, 90% се доделуваат по пат на јавен повик согласно одредбите од овој правилник, додека 10% од предвидените средства од став 1 на овој член се распределуваат со поднесување на барање и тоа во исклучителни ситуации кои се предвидени во член 24 од овој правилник.

Висината на финансиската помош која поединечно може да ја добие спортски клуб, спортско здружение и правни лица во областа на спортот во тековната година по пат на јавен

повик може да изнесува најмногу до 300.000денари. Постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија и правни лица во областа на спортот ја спроведува Комисијата за спорт согласно со одредбите од Правилникот.

### 3.7.Трендови

Спортот како општествена појава се темели врз реални согледувања за постојната состојба во која тој денес се наоѓа, но и врз објективни претпоставки за негов натамошен развој. Се тргнува од потребата за посеопфатно поимање на спортот како начин на живеење (животен стил) со кој луѓето преку нивната зголемена вклученост во спорот и спортско-рекреативните активности, ќе го подигнат квалитетот на своето живеење во повеќе сегменти, вклучително задоволувајќи го националниот стремеж за остварување високи меѓународни спортски резултати преку проектирање насоки за развој на врвниот спорт. Спортот како општествена појава се темели врз предиктивен приод, при што, превид се земени реалните параметри од повеќе сегменти кои ја одразуваат состојбата во која спортот се наоѓа. Тука, пред сè, се мисли на економска развиеност на една земја, како и нејзината општетсвено-политичка ситуација. Во таа насока, во развојна смисла, кај спортот може да се утврдат следниве општествени цели и приоритети:

1. Интервенција во легислативите кои ја допираат дејноста спорт.
2. Поттикнување и поддршка на програмите на националните спортските федерации и спортски клубови.
3. Унапредување на училишниот и универзитетскиот спорт
4. Децентрализација на спортот .
5. Градење информатичка спортска мрежа.
6. Издавачка дејност во спортот.
7. Положбата на спортот во медиумите.
8. Унапредување на спортот за лицата со попреченост.
9. Институционализирање на спортската дипломатија.

Имајќи ги предвид стратешките среднорочни цели на секоја земја за одржување на концептот на силно јавно финансирање и одржување стабилна макроекономска рамка, вклучително за продолжување на процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст, без интервенции во односните легислативи и останати мерки во фискалната политика кои би создале подобри услови за спортските субјекти да изнаоѓаат други дополнителни извори на финансирање, како што се донациите и спонзорствата, спортот и понатаму својот опстанок и развој во голема мера ќе го заснова врз Буџетот на државта.

Во училишниот спорт се реализира систем на натпревари за ученици од основните и средните училишта.

Според последните податоци на националната спортска федерација која е одговорна за организација на овој систем на натпревари, училишниот спорт опфаќа помеѓу 8 проценти (%) и 10 проценти (%) од вкупниот број ученици од околу 70 проценти (%) од воспитно образовните установи од основното и средно образование што е, секако, индекс на опфат кој делумно задоволува. Основни предуслови за успешно функционирање и унапредување на училишниот спорт се: мотивиран стручен кадар кој произлегува од

самиот воспитно образовен систем, обезбедување расположивост на објектите за спорт во училиштата, прилагодување систем на натпревари, заради мотивирање на учениците и секако, концептуирање на вонннаставните спортски активност и во училиштата.

Децентрализација на спортот е трендот кој има за цел создавање компатибилен концепт за да се подигне оперативноста од заедничкото делување на сите субјекти кои се чинители на единствен спортски систем со единиците на локалната самоуправа во насока на обезбедување услови и системски мерки за поддршка на спортистите, спортските клубови и традиционалните спортски манифестации. Тоа е процес кој имплицитно квалитативно се одразува врз развојот на спортот. Во изминатиот период, повеќе субјекти во Македонија имале обврска да дадат свој прилог во интензивирање на процесот на децентрализација што, аналогно, се однесува и на проблематиките поврзани со спортот.

Улогата на државата и нејзиниот придонес во таа смисла треба да се насочи кон подобрување на законската регулатива и механанизмите по тој однос со што ќе се осигура реално пренесување на соодветните надлежности на единиците на локалната самоуправа.

За унапредување на спортот како неопходност се јавува и потребата од воспоставување информатичка спортска мрежа низ единствен системски концепт. Постојната законска регулатива во овој сегмент предвидува негово воспоставување заради:

а) водење и управување на дејноста спорт,

б) креирање и трансфер на политиките на централната и на локалната власт по тој однос, олеснување на планирањето во дејноста, и

в) инвестирање во човечките ресурси вклучени во спортот и вршење споредбеност на остварувањата.

Партнери во информатичкиот спортски систем, како носители и корисници, се:

1. Централната власт,
2. Единиците на локалната самоуправа, спортските клубови,
3. Националните спортски федерации, и
4. Македонскиот олимписки комитет и останати правни и физички лица вклучени во овој делокруг

## IV АКТИВНОСТИ

Програмата за спортот на Општина Делчево за 2025 година се определува со усвојувањето на Буџетот од страна на Совет на Општина Делчево.

Програмата за активностите во областа на спортот се состои од активности за :

### 4.1 Специфичната цел 1: Поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови/здруженија и индивидуални спортисти кои егзистираат на подрачјето на Општина Делчево.

1.1 Општина Делчево ќе ги поддржува активностите на спортските клубови и индивидуални спортисти регистрирани на подрачјето на Општина Делчево преку објавување Јавен повик за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Делчево на спортски здруженија и спортисти, а средствата ќе се доделуваат согласно со Правилникот за Општина Делчево во транспарентна постапка со распишување јавен повик на почетокот на календарската година во месеците јануари/март 2025.
1. 2 Награда за талентирани спортисти/ки кои постигнале особено високи резултати на државни и меѓународни натпревари што има за цел поддршка на младите спортисти и спортски клубови. Наградата за постигнати врвни спортски резултати се доделува на спортски здруженија во поединечни и екипни натпревари кои освоиле прво, второ или трето место на официјални државни и реномирани меѓународени натпревари. Наградата се доделува во форма на парични средства. Висината на паричната награда е во износ од 15.000 денари за освоено прво место, 10.000 денари за освоено второ место, 8.000 денари за освоено трето место. Наградата се доделува врз основа на поднесено барање за исплата на парична награда за постигнати врвни спортски резултати на државни и меѓународни натпревари во тековната година. Барањата го доставува здружението до архивата на Општина Делчево најдоцна до 31 декември во тековната година кога е организаран натпреварот. Во прилог на барањето потребно е да се достави доказ, тековно состојба од спортското здружение не постара од 6 месеци и фотокопија од диплома за освоено место од државниот или меѓународниот натпревар. Градоначалникот на Општина Делчево со решение формира комисија која ги разгледува поднесените барања и да утврди дали се исполнети условите за доделување на наградата и да даде предлог до Градоначалникот на Општината. Градоначалникот донесува решение за доделување на наградата во рок од 30 дена.

1.3 Изработка на флаери/пропаганден материјал за промоција на спортот и спортските клубови- Со цел поголема видливост на спортските клубови кои функционираат во Делчево и поттикнување на интересот на младите за практикување на спортот ќе се организира манифестација Избор на спортист/ка на годината во Делчево, каде на свеченост ќе се доделуваат награди и признанија. Наградата на најдобрите од спортот во Општина Делчево, се доделува за постигнати резултати во индивидуален и во клубски спорт и тоа награда за најдобар спортист, најдобар млад надежен спортист, најдобар тренер и најдобра екипа чиешто седиште е во Општина Делчево. Наградата се доделува во форма на парични средства и плакета.

Висината на паричната награда е во износ од:
10.000 денари за најдобар млад надежен спортист;
15.000 денари за најдобар спортист ;
15.000 денари најдобар тренер;
20.000 денари за најдобра екипа.

Постапка за доделување на наградите се покренува врз основа на јавен повик кој го објавува градоначалникот на веб-страницата на Општина Делчево најдоцна **до 15 декември** во тековната година.

Право на предлагање на кандидати за изборот на најуспешните, имаат спортските клубови и нивните членови, чиешто седиште е во Општина Делчево, како и физички и правни лица. Пред објавувањето на јавниот повик, Градоначалникот со решение формира комисија (од редот на вработените во општинската администрација и советниците од комисијата за спорт)

која ги утврдува критериумите, условите, времетраењето на јавниот повик, потребната документација, како и начинот на бодување на поднесените пријави. По завршувањето на јавниот повик, комисијата ги разгледува поднесените пријави и врз основа на утврдените критериуми врши бодување, врз основа на кое дава предлог за избор до градоначалникот на Општината. По доставениот предлог од комисијата, градоначалникот донесува решение за доделување на наградите и ги доделува на свечен настан организиран од Општината.

1.4 Организирање дебата и трибина за поттикнување на младите за практикување на спортот како начин на живот- Со цел промоција на здрав начин на живот и поттикнување на младите за поактивно практикување на спортот ќе се организираат дебати или трибини наменети за средношколците. Одговорни за реализација се ученичките заедници, дебатни училишни клубови, стручен кадар од училиштата, НВО сектор.

1.5 Истражување на јавното мислење за интересите во спортот кај момчињата и девојчињата- со цел да се согледаат интересите за спорт и спортски активности кај момчињата и девојчињата, Општина Делчево ќе спроведе онлајн анкета. Податоците од анкетата ќе бидат користени за преземање соодветни мерки и активности за развој на спортот во Делчево.

1.6 Финансиска поддршка на спортски клубови за учество на меѓународни натпревари по претходно поднесено барање од страна на спортскиот клуб. Барањето се проследува во Советот кој во зависност од државата каде што се одржува натпреварот, донесува одлука за доделување парични средства за учество на меѓународен натпревар.

### 4.2 Специфична цел 2: Поддршка и развој на училишен спорт со реализирање на спортски активности и систем на натпревари на учениците.

2.1 Во насока на унапредување на училишниот спорт Општина Делчево ќе ги финансира програмите, проектите и спортските активности на учениците и на младината, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците од основните и средните училишта на подрачјето на ОпштинаДелчево.

2.2 Набавка на спортска опрема и реквизити со цел овозможување услови и реквизити за развој на спортовите и одржување настава по физичко образование со соодветни спортски реквизити, Општината ќе помогне во набавка на опрема, а поддршка ќе дадат и НВО сектор и други донатори.

2.3 Организирање спортски натпревари по повод Денот на водата, 22 Март- Со цел промоција на значење на водата и промоција на Проектот за Подобрување на водоснабдувањето на Делчево, ќе се организираат спортски натпревари во соработка со училиштата и наставниот кадар од училиштата, а учество ќе земат и децата од детската градинка. Настанот има едукативно значење.

### 4.3 Специфична цел 3 Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и рекреативни активности на лица со посебни потреби.

1.1 Општина Делчево ќе поддржува програми и проекти за масовен рекреативен спорт на граѓаните и на лицата со посебни потреби во Општината. Рекреативниот спорт треба да му

овозможи на секој граѓанин согласно со неговите потреби и можности активно вклучување во спортскиот живот на општината.

1.2. Организирање градска трка- Со цел поттикнување интерес за спорт и промоција на спортот како здрав начин на живот ќе се организира градска трка со масовно учество на граѓани/ки од сите возрасни групи,

1.3 . Женска трка - Подигање на свеста за рано откривање на малигни заболувања кај жените и мажите ќе се организира 1 женска трка по повод Розовиот месец октомври. Организатор на трката е КЕМ во партнерство со Локален младински совет, НВО-секторот и донатори.

1.4. Организирање планинарски маршеви и младински кампови- со цел промоција на планинарењето како здрав начин на живот, но и можност за запознавање со природните реткости на Општината. Планинарските маршеви и младински кампови ќе се организираат во партнерство со НВО.

**4.4 Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево.**

1.1 Општина Делчево ќе даде поддршка за манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на спортот во општината со цел зачувување на континуитетот. Поддршка на спортски манифестации/ натпревари: турнири во мал фудбал, турнири во баскет/кошарка, турнири во пинг- понг и сл. Општина Делчево ќе ги поддржи спортските манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на спортот во општината со цел зачувување на континуитетот согласно со Правилникот за еднократна парична помош во делот на помош за урбани и месни заедници и согласно со Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови.

Носители на мерките предвидени во Програмата се: Општина Делчево, Агенција за млади и спорт, Министерство за образование и наука, Владата, спортски федерации, МОК, Факултет за физичко образование, спорт и здравје, образовни институции, граѓански организации, бизнис- сектор.

## V Табеларен приказ на активностите и индикатори

| **1. Специфична цел 1 Поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови/здруженија и индивидуални спортисти кои егзистираат на подрачјето на Општина Делчево.** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | **Временска рамка** |
| 1. Јавен повик | Транспарентен процес на доделување средства од Буџетот на Општината | -Број на поднесени пријави по јавниот повик<br>- Број на исплати на клубови | Комисија за спорт, Одделение за општи и правни работи, Спортски клубови/училишни спортски клубови | 900.000 | Јануари/март 2025 |
| 2.Награда за талентирани спортисти/ки кои постигнале особено високи резултати на државни и меѓународни натпревари | Награда за талентирани спотисти кои постигнале значителни резултати во претходната година со цел поддршка | -бр на доделени награди за спортисти/ки (м/ж) | Одд.за општи и правни, училишта | 30.000 | континуирани 2о25 |
| 3.Изработка на флаери/пропаганден материјал за промоција на спортот и спортските клубови | Со цел поголема видливост на спортските клубови кои функционираат во Делчево и поттикнување на интересот на младите за практикување на спортот | бр на изработени флаери/пропаганден материјал | Советник за односи со јавноста, советник за образование, Комисија за спорт, училишта, спортски клубови, НВО | 5.000, донации | Февруари 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. Избор на спортист/ка на годината | Со цел промоција на спортските успеси на делчевските клубови во групен или индивидуален спорт ќе се доделуваат награди и признанија и ќе се избира спортист/ка спортски клуб, тренер на годината, | Бр на доделени награди и признанија (м/ж) | Спортски клубови, Советник за односи со јавноста, советник за образование, ит-администратор , Комисија за спорт, Локален совет за млади | 60.000 | Декември 2025 |
| 5.Организирање дебата и трибина за поттикнување на младите за практикување на спортот како начин на живот | Со цел промоција на здрав начин на живот и поттикнување на младите за поактивно практикување на спортот ќе се организираат дебати или трибини наменети за средношколците | Бр на присутни учесници(м/ж) | Советник за образование, советник за односи со јавнсота, професори од СОУ, дебатен клуб на СОУ, Локален младински совет,Комисија за спорт, стручни медицински лица, тренери. | 1.000 | Март/април 2025 |
| 6.Истражување на јавното мислење за интересите кај младите за спорт и спортски активности | Истражување на јавното мислење за интересите во спортот кај момчињата и девојчињата- со цел да се согледаат интересите за спорт и спортски активности кај момчињата и девојчињата, О. Делчево ќе спроведе онлајн анкета. Податоците од анкетата ќе бидат користени за преземање соодветни мерки и активности за | Бр на организирани анкети<br>Бр на учесници на анкети (м/ж) | Одд. за правни и општи работи | / | Март/април 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | развој на спортот во Делчево. | | | | |
| Финансиска поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари по претходно поднесено барање од спортистот/ка. | Со цел Општината да даде поддршка на натпреварувачот/чката за учество на престижни меѓународни натпревари, О. Делчево ја воведува оваа мерка. Барањето се проследува во Советот кој во зависност од државата каде што се одржува натпреварот донесува одлука за доделување парични средства за учество на меѓународен натпревар. | Бр на поднесени барања (м/ж)<br>Бр на поддржани натпреварувачи/ки на меѓународни натпревари (м/ж)<br>исплатени средства | Одд. за општи и правни, Совет на О. Делчево | 90.000 | Континуирано |

| **1.2 Специфична цел 2 Поддршка и развој на училишен спорт со реализирање на спортски активности.** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | **Рок на** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **реализациј а** |
| 1.Поддршка на училишните спортски клубови | Во насока на унапредување на училишниот спорт Општина Делчево ќе дава поддршка на програмите, проектите и спортските активности на учениците и на младината, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците од основните и средните училишта на подрачјето на Општината. | Бр на поддржани училишни спортски клубови, натпревари<br>Бр на учесници (м/ж) | Комисија за спорт, советник за образование | По Јавен повик (дел од планираните 900.000) | 2025 |
| 2.Набавка на спортска опрема и реквизити | Со цел овозможување услови и реквизити за развој на спортовите и одржување настава по физичко образование со соодветни спортски реквизити, Општината ќе помогне во набавка на опрема | Бр на набавена опрема | Комисија за спорт<br>НВО<br>Општина Делчево<br>Училишта | Донација<br>Буџет на Општина Делчево | Континуирано во 2025 |
| 3.Организирање спортски натпревари по повод Денот на водата ,22 Март | Со цел промоција на значење на водата и промоција на Проектот за Подобрување на водоснабдувањето на Делчево, ќе се | Бр на учесници (м/ж)<br>Бр на награди<br>Бр на спортски настани | Проект „Подобрување на водоснабдувањето“, училишта, советник за образование | Донатори, Општина Делчево | 22 март 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | организираат спортски натпревари | | | | |

| 3.Специфична цел 3 Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и спортско рекреативни активности на лица со попреченост. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерки** | **Активности** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | Временски рок |
| 1.Поддршка на проекти за рекреативен спорт | Општина Делчево ќе поддржува програми и проекти за масовен рекреативен спорт на граѓаните и на лицата со посебни потреби во општината. Рекреативниот спорт треба да му овозможи на секој граѓанин согласно со неговите потреби и можности активно вклучување во спортскиот живот на општината. | Бр на поддржани проекти за рекреативен спорт и спорт на лица со посебни потреби | Комисија за спорт<br>Спортски клубови, НВО<br>Дневен центар за лица со посебни потреби | Преку јавен повик | Во текот на учебната 2024/25 |
| 2.Градска трка | Со цел поттикнување интерес за спорт и промоција на спортот како здрав начин на живот ќе се организира градска трка со масовно учество на граѓани/ки од сите возрасни групи, | Бр на учесници (м/ж)<br>Бр на трки<br>Бр на доделени награди | Комисија за спорт<br>Спортски клубови<br>Професори по физичко образование<br>НВО,Локален совет за млади | Преку јавен повик-дел од 900.000 | Мај 2025 |
| 3. Женска трка | Подигање на свеста за рано откривање на малигни | Бр на учеснички<br>Бр на пропаганден материјал | КЕМ, НВО, Општина Делчево, Локален совет | 10.000 | Октомври/ноември 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | заболувања кај жените и мажите ќе се организира 1 женска трка по повод Розовиот месец октомври | | за млади | | |
| 4.Организирање рекреативни планинарски маршеви и младински кампови | Со цел промоција на планинарењето како здрав начин на живот и со цел промоција на природните раритети на Општината ќе се организираат планинарски маршеви и младински кампови | Бр на учесници (м/ж)<br>Бр на организирани планинарски маршеви<br>Бр на организирани младински кампови | НВО, Општина Делчево, | 20.000 | Континуирано 2025 |
| 5.- Развој и унапредување на параолимписки спортски дисциплини | Со цел промоција на спортот и значењето за учество на лица со попреченост во спортски активности и натпревари и подигање на јавната свест и борба против дискирминација на овие лица, О. Делчево ќе даде поддршка за одржување спортски натпревари за лицата со попреченост. Развој и унапредување на параолимписки спортски дисциплини | Бр на учесници (м/ж)<br>Бр на организирани спортски натпревари | НВО, Општина Делчево | 50.000 | 2025 |

| 4. Специфична цел 4: Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | **временска рамка** |
| Поддршка на спортски манифестации/ натпревари:<br><br>-турнири во мал фудбал<br><br>-турнири во баскет/кошарка<br><br>-турнири во пинг- понг и др. | Општина Делчево ќе ги поддржи спортските манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на спортот во општината со цел зачувување на континуитетот согласно со Правилникот за ЕПП, и согласно со Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови. | Бр на манифестации/натпревари<br>Бр на учесници (м/ж) | Комисија за спорт, МОН, Агенција за млади и спорт, НВО, спортски клубови, Локален совет за млади, месни /урбани заедници | 70.000 ден | Континуирано 2025 |

## VI Очекувани резултати

Со реализацијата на првата Програма за спорт на Општина Делчево за 2025 година се очекува интензивирање на соработката и градење партнерство меѓу Општината и спортските здруженија и клубови, но и промоција и афирмација на спортот како здрав начин на живот. Општината со својата поддршка и транспарентниот начин на делење на општинските средства ќе се наметне за сериозен двигател на процесите кои ќе доведат до остварување на основната цел на Програмата, а тоа е афирмирање на Општина Делчево како развиена спортска општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт, млади и спортско-рекреативните активности.

Општината преку организациската поставеност на активностите во областа на спортот се очекува да придонесе за зголемување на опфатот со спорт на млади, жени и на лицата со посебни потреби. Реализацијата на програмите и проектите во делот на развој на спортско-рекреативните активности ќе придонесе за поголема масовност и можност на граѓаните за учество и стекнување на основните спортски вештини, како што се: моториката, спортското здравје итн.

## VII РИЗИЦИ

Ризик е кој било настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнување на стратешките цели на Програмата. Пропуштените можности се, исто така, еден вид ризик. Постојат многу различни дефиниции за ризикот, но она што е заедничко за сите нив е: „неизвесноста и можните загуби во услови на неизвесност.“

**Настани кои доведуваат до појава на ризици во реализацијата на Програмата за спорт за 2025 г,. се:**

**Б) надворешни влијанија врз спортските клубови**
- негативни влијанија врз објектите (пожари/поплави, земјотреси)
-иселувањето
-оштетувања на спортските реквизити и опрема
-здравствена или др. вид криза

**В) Финансиски буџетски намалувања на средствата:**
-Нередовно или неисплаќање на средствата за спортски клубови предвидени во Буџетот на Општината
-Изостанување на поддршката од државата, односно недобивање ваучери од Агенцијата за млади и спорт

## VIII ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ И РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2025 г.

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на**
**Програмата за спорт во Општина Делчево за 2025 година**

| **Активности** | **Вкупен буџет** | **Буџетска програма** |
|---|---|---|
| Јавен повик | 900.000 ден | Д0 |
| Женска трка | 10.000 ден | Х1 |
| Поддршка на спортски натпревари/ манифестации | 70.000 ден | Д0 |
| Награда за талентирани спортисти | 30.000 ден | Д0 |
| Организирање рекреативни планински маршеви и младински кампови | 20.000 ден | Г1 |
| Организирање дебати | 1.000 ден | Г1 |
| Изработка на флаери/пропаганден материјал | 5.000 ден | Г1 |
| Манифестација-избор на спортист/ка | 60.000 ден | Д0 |
| Поддршка на спортски настани за лица со попреченост | 50.000 ден | Д0 |
| Поддршка за учество на меѓународни натпревари | 90.000 ден | А0 |
| **Вкупно** | **1.236.000 ден** | |

## IX СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Секоја стратегија, програма, план или политика изискува и примена на соодветни алатки/ методи на следење на реализацијата на документот. Имајќи ги предвид потребите дека мониторингот е континуиран процес на собирање и анализирање информации за да се утврди колку добро се имплементира одреден

проект, програма или политика споредено со очекуваните резултати, мониторингот на Програмата за спорт за 2025 г. на Општина Делчево ќе се врши секој месец во текот на годината од страна на секретарот на Општина Делчево, Одделението за општи и правни работи и Комисијата за спорт.

Со мониторингот се мери ефикасноста, искористени ресурси, активности, резултати, а извори на информација се внатрешните документи, јавно објавени докуемнти на веб-страницата.

Мониторингот има за цел да обезбеди редовни повратни информации и показатели за напредок или неможноста да се постигнат посакуваните резултати. Тој, генерално, подразбира собирање и анализирање на податоците во однос на процесот на имплементација, резултатите и корективните мерки кои се препорачуваат.

Евалуацијата која е систематска и целна проценка за тековни или завршени проекти, програми или стратегија, нивната имплементација и резултати и ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста, ќе се врши еднаш годишно, на крајот на имплементацијата на Програмата. На крајот на имплементацијата на Програмата ќе се подготви и Извештај за реализација на Програмата кој ќе биде презентиран и даден на усвојување на Советот на Општина Делчево.

## 10. 1 План за мониторинг и евалуација на Програмата

| **Индикатор** | **Извор на податоци** | **Метод на собирање податоци** | **Алатка** | **Фреквенција на собирање податоци** | **Одговорно лице** |
|---|---|---|---|---|---|
| Број поддржани спортски клубови по Јавниот повик<br>Доделени средства на спортски клубови/индивидуални натпреварувачи по Јавен повик.<br>Бр на набавена спортска опрема и реквизити за училишните клубови.<br>Бр на доделени спортски стипендии (м/ж). | -Доделени решенија за стипении,<br>-Доделени решенија спортски клубови/училишни спортски клубови, индивидуални спортисти<br>-записници од трибини/дебати<br>-постигнати резултати | Квалитативна, квантитатива и компаративна проценка на податоци. | Анализа на силни страни, слаби страни, можности и закани;<br>Мапирање резултати;<br>Дневна мониторинг алатка;<br>Упатство за набљудување. | Мониторинг-месечно<br>Евалуација-на крајот од годината | Комисија за спорт<br>Одд. за општи и правни работи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр.на одржани дебати/трибини;<br>Бр на поддржани манифестации/натпревари.<br>Бр на учесници на градската трка.<br>Бр на учесници на женската трка.<br>Бр на учесници/чки –лица со попреченост на спортски натпревари/манифестации | | | | | |

**XI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за спорт за 2025 година на Општина Делчево влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 -** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**_________2024 година** **Претседател**

**Делчево** **Гоце Попов**